# НОВО СРЦЕ



Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 94, Дата: 08. 08. 2011.

## ПРИОРИТЕТИ

Ако редовно читате огласи, сигурно сте ги прелистувале рубриките „купувам/продавам.., „изгубено/најдено“, „лични контакти“, „поздрави“...и.т.н. Понекогаш ќе налетате и на некои кои се навистина смешни или чудни. Подолу избравме неколку огласи, кои ќе ве насмеат:

- Продавам таксени марки, по стара цена.
- Се продава брачен кревет. Едната половина е скоро неупотребена.
- Продавам брилијантни идеи. 100 денари за парче. За 500, давам четири.
- Имам проблеми со спиење навечер. Барам лек или работа како ноќен чувар.
- Се бара работник на шалтер за поплаки. Предност имаат оние со послаб слух.
- Се изнајмува голем базен без вода. Многу е погоден за непливачи.
- Неоженет земјоделец бара жена со трактор. Пожелно е да прати слика од тракторот.



Од сите овие огласи, веројатно најсмешен и најчуден е последниот. Сигурно ќе се сложите дека тој земјоделец навистина има проблем со приоритетите, штом тракторот му е поважен од жената.

Ако погрешно ги подредите приоритетите во вашиот живот, тоа подоцна може да ве направи многу несреќни и празни. Сите знаеме дека семејството е поважно од работата, здравјето е поважно од парите и богатството. Чесноста е поважна од успехот и кариерата... и кога постапуваме според поинаков редослед, често животот ни се претвара во пекол и мизерија.

Тоа се случува и кога станува збор за Бог. Тој, како наш Творец и извор на животот, треба да биде на врвот на сите наши приоритети. Со други зборови, Тој треба да е најважен во нашиот живот; на прво место-пред се друго. И кога ние ќе го запоставиме Бог и го одстраниме од нашите животи, тие стануваат празни, бесцелни и бесмислени, па дури и безвредни. За жал тоа е начинот по кој многумина живеат во овој свет, ставајќи го Бог, на последно место.

Во една анкета, која испитувала на што луѓето го трошат своето време, се утврдило дека на првите места била работата и забавата, додека времето за Бог (посетување христијански богослужби, читање од Библијата, молитва...) изнесувало само 0.7%, на последно место.

Кога Исус зборувал за приоритетите, го кажал следново: *„Барајте Го најнапред Царството Божјо и неговата правда, а се друго ќе ви се придодаде“. (Мт.6:33)*



Том Лендри е еден од најуспешните играчи и тренер во Американскиот фудбал од 20-ти век. Во една прилика, кога го запрашале која е тајната на неговиот успех, тој одговорил: „Направив нешто, што секој успешен човек мора да го стори; правилно ги поставив приоритетите во мојот живот: Го ставив Бог на прво место, потоа-семејството и на крај-фудбалот.“

Кои се твоите приоритети се гледа по тоа, во што го вложуваш твоето време, на што е приврзано твоето срце и колку си спремен да жртвуваш за тоа нешто. Ако ти го љубиш Бог повеќе од се друго, и сакаш да Му угодиш, тогаш нема да дозволиш исмевањето од „пријателите“ да те спречи да одиш на црква, или работата да те направи презафатен за Бог, ниту човечките обичаи да ти бидат поважни од Божјиот Збор-Библијата.

**Уредници: Горан Илиев, Илија Камчев и Александар Ѓорѓиев и Андријана Ѓорѓиева.**